**20150662329**

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 57 став (1) алинеја 2 од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија” бр. 113/07, 24/11, 136/11 и 123/12), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство донесе

# НАРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА НАРЕДБАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВЕТЕРИНАРНИТЕ МЕРКИ И КОНТРОЛИ ЗА ЗАШТИТА НА ЈАВНОТО ЗДРАВСТВО ОД КОНТАМИНЕНТИ ИЛИ РЕЗИДУИ КОИ СЕ ПРЕНЕСУВААТ ОД ЖИВОТНИТЕ ИЛИ ПРОИЗВОДИТЕ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ВО 2015 ГОДИНА

Член 1

Во Наредбата за извршување на ветеринарните мерки и контроли за заштита на јавното здравство од контаминенти или резидуи кои се пренесуваат од животните или производите од животинско потекло во 2015 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 195/14) во членот 4 ставот (2) се менува и гласи:

„Лабораториското испитување од став (1) на овој член треба да се врши со метод на репрезентативна мостра под надзор на официјален ветеринар при што во периодот од 1 декември до 30 април испитувањето треба да се врши еднаш во две недели, а во периодот од 1 мај до 30 ноември лабораториското испитување треба да се врши еднаш месечно.“.

Член 2

Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 02-2103/3
15 април 2015 година
Скопје

Директор,
м-р **Зоран Поповски,** с.р.